Директорот е орган на секојдневно управување со работниот процес на МЦМС. Овој конкурс е отворен за избор на еден директор. На него можат да се пријават само кандидати со македонско државјанство.

Кандидатите треба да имаат:

- Завршено високо образование;
- Повеќе од 10 годишно искуство во граѓанскиот сектор и/или работа на раководни позиции во организации/тимови со над 20 лица;
- Познавање на мисијата на МЦМС и концептите на граѓанско општество и одржлив развој;
- Способност за водство, ориентација, управување и мотивирање на другите;
- Знаења за генерален менаџмент - раководни концепти, организациски развој, стратешко планирање, оценување, финансиско планирање и раководење, раководење со човечки ресурси;
- Способност за комуникација и презентација;
- Висок интегритет, одговорност и отчетност;
- Почит за другите, партиципативност и поддршка на мултикултурноста.

**Конкурсот е отворен до 30 јуни 2021 година.** Мандатот на директорот е пет години и трае од јули 2021 до јули 2026 година.

Пријавувањето на конкурсот се врши со:

- Писмо ;
- Биографија во формат на МЦМС ;
- Изјава за сопственото видување на МЦМС (на една до три страници);
- Кратка изјава за целите во кариерата (до една страница).

Кандидатите кои ќе влезат во најтесниот избор, ќе треба да доставаат потврди за државјанство, за неосудуваност и за работна способност.

Изборот го врши Управниот одбор на МЦМС кој има право да избере некој од кандидатите или да не избере никого (при што, постапката ќе се повтори во рок од една година).

Преземи ги Описот на работното место , целосниот преглед на компетентноста, процедурата за избор

Дополнителни информации можат да се побараат исклучиво на е-пошта izbor@mcms.mk. На истата адреса треба да се достават и пријавите.